РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-673/4
16-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2851/1 од 28.10.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконско ангажирање на лица во рамки на Проект за /// во Министерството за ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2851/1 од 28.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 28.10.2025 година, поднесена е пријава со наводи за незаконско ангажирање на лица во рамки на Проект за /// во Министерството за /// и оформен е предмет број 12-2851/1 од 28.10.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за ангажирање на 29 лица во рамки на Проект за /// во Министерството за ///, коешто наводно било реализирано спротивно на одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор.
Според наведеното во пријавата, месечниот надомест на лицата кои биле ангажирани на овие работни места бил неколкукратно повисок од износот на месечната плата на лицата кои во Министерството биле вработени на систематизирани работни места и којшто се пресметува врз основа на одредбите

од Законот за вработените во јавниот сектор. Истовремено, работните места во рамки на Проектот не биле утврдени во актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во институцијата.

Следствено, од страна на подносителот на пријавата е изразено сомневање за сторена злоупотреба од страна на службени лица во Министерството, заради остварување на лична корист и корист на ангажираните лица, а на штета на Буџетот на Република Северна Македонија.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Државниот инспекторат за труд.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на барањето на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

Заради проверка на наводите од пријавата по која е оформен предметот, Државниот инспекторат за труд извршил инспекциски надзор над субјектот Министерство за ///. При надзорот бил составен Записник број /// од /// година, во кој е утврдено дека во рамки на Министерството за /// постои Единица за управување со проекти, која е формирана и работи врз основа на договори за заем склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Светска банка, а чие воспоставување е пропишано со Документ за /// од 2004 година. Во рамки на Проектната единица, во зависност од потребите на конкретниот проект, како консултанти се ангажираат физички и правни лица, во постапка којашто е пропишана од страна на Светска банка. Овие лица немаат статус на административни службеници и постапката за нивно ангажирање не е опфатена со одредбите на Законот за административни службеници и одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор.

Потребата од консултанти се објавува во вид на оглас за постапка за јавна набавка за конкретна позиција, којашто не е опфатена со одредбите на Законот за јавни набавки, туку е пропишана од страна на Светска банка. Заинтересираните консултанти доставуваат понуди, а понудите ги разгледува трочлена комисија за евалуација на изјави за интерес и евалуација на понуди формирана од министерот, која самостојно и независно ја изведува постапката, следејќи ги правилата, прописите и упатствата пропишани од Светска банка.

Во Записникот број /// од /// година е утврдено дека во Единицата за управување со проекти во моментот на надзорот било ангажирано 31 лице, за работа на два проекта.

Во Записникот број /// од /// година на Државниот инспекторат за труд не се констатирани неправилности поврзани со предметните наводи.

Имајќи ја предвид фактичката состојба утврдена во Записникот број /// од /// година на Државниот инспекторат за труд како и тоа дека во истиот не се констатирани неправилности поврзани со предметните наводи, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

